АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

13. 10. 2015
10 5843 / 1

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Вид надзор: редовен

2. Субјект на надзорот: радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје

3. Период опфатен со надзорот: 4 септември 2015 година

4. Датум на извршување на надзорот: 13 октомври 2015 година

5. Предмет на надзорот:

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 18 часа програма на радио);

   - **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радио радиодифузерите се обврзани дневно да обезбедат најмалку 40% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик);

   - Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. Претходно изречена мерка: /

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје, емитуван на 4 септември 2015 година, на државно ниво, е констатирано прекршување на член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (програмите на странски јазици или деловите од нив што се емитуваат на програмите на радиодифузерите треба да бидат преведени на македонски јазик, односно на јазикот на заедницата што не е во мнозинство).

Трговското радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје, на 4 септември 2015 година, говорниот дел од емисиите *„A State of trance" со ди-џеј Армин Ван Бјурен и „Club life" на ди-џеј Тиесто,* го емитуваше изворно на англиски јазик, без превод на македонски јазик.

**04.09.2015 г.**

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| *A State of trance* | 00:00:00 | 00:11:44 | Говорниот дел од емисијата е емитуван изворно на англиски јазик, без превод на македонски јазик. |
| *Club life* | 23:02:31 | 23:59:59 | Говорниот дел од емисијата е емитуван изворно на англиски јазик, без превод на македонски јазик. |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје, на 4 септември 2015 година, говорниот дел од емисиите *„A State of trance" со ди-џеј Армин Ван Бјурен и „Club life" на ди-џеј Тиесто,* ги емитуваше изворно на англиски јазик, без превод на македонски јазик.

9. Предлог мерка:

Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје и согласно точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

Да се изврши контролен надзор за почитување на член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***